# Манифест за Учењето на возрасните Во 21-от век

EUROPEAN ASSOCIATION FOR THE EDUCATION OF ADULTS



# Моќта и радоста од учењето

Европската асоцијација за образование за возрасни (EAEA) предлага, со овој Манифест, создавање на Европа која Учи: Европа која која може да се соочи со иднината позитивно и со сите потребни вештини, знаења и компетенции. Ние предлагаме севкупен европски напор за да се оди еден чекор понатаму, да се создаде општество базирано на знаење кое е во состојба да се справи со предизвиците на нашето време. Ова бара одржливи инвестиции во образованието за возрасните сега на европско, национално, регионално и локално ниво. Тоа долгорочно ќе се исплати од неколку перспективи: за конкурентност, благосостојба, здрава популација, раст и повеќе.

Образованието за возрасните може да ги промени животите и да ги трансформира општествата- тоа е човеково право и заедничко добро. Во моментот, главната Европска стратегија во политиките е Европската Агенда за учење на возрасните, која се спроведува од страна на националните координатори на ниво на земјите членки. EAEA верува дека Агендата треба да се зајакне, но исто така и дека се потребни дополнителни напори. Овој манифест ќе потенцира до која мера образованието за возрасните ќе придонесе кон бројните европски политики. Како и да е, со цел да го направи тоа, потребно е да се направат стабилни инвестиции во организациите во образованието за возрасните и учениците.

Многу донесувачи на одлуки, бизниси и граѓани не се свесни до која мера образованието за возрасните може да придонесе во справувањето со општествените, економските и индивидуалните предизвици. Затоа, EAEA предлага Европска Година на образование за возрасните, која ќе ја подигне свесноста за образованието за возрасните ширум Европа. Темата на годината ќе биде „Моќта и радоста на учењето“. Сакаме да ги подвлечеме можностите за трансформација на образованието на возрасните од една страна и, од друга страна, позитивните аспекти на учењето. Многу луѓе се оградуваат од учењето заради нивни претходни лоши искуства во училиштето, други чувствуваат дека обуката би можела да биде уште еден притисок од кој треба да патат заради нивниот успех во животот. EAEA сака да ја потенцира позитивната страна, исто бидејќи ние знаеме дека тоа е најдобриот начин да се привлечат оние кои се најдалеку од учењето.



# Предизвици и одговори

Образованието за возрасните е клучна алатка во справувањето со главните предизвици во Европа денес. Европа се соочува со нееднаквости кои се зголемуваат, не само помеѓу луѓето туку и помеѓу регионите и земјите во рамките на Европа. Сè повеќе и повеќе европски граѓани се чини дека ги ставаат под знак прашалник европските вредности преку гласање за ксенофобични и анти-европски партии, додека мали групи на млади мажи стануваат толку радикализирани што извршуваат терористички чинови. Во многу региони и земји, невработеноста (особено на младите луѓе) е многу висока. Растечката дигитализација ја поттикнува оваа состојба но исто така бара нови вештини и компетенции на вработените и конзументите.

Миграциите и демографските промени предизвикуваат промени во популациите во Европа- луѓето стануваат се постари и затоа сакаат да бидат активни и поздрави подолго, но исто така имаме потреба од повеќе мигранти, што е во деликатна рамнотежа или во контраст со стапките на невработеност и растечката ксенофобија. Неодамна, Европа се соочи со прилив на бегалци, што поставува големи предизвици пред европските влади. Ова доведе до бран на поддршка од европските граѓани од една страна но и од злоупотреба и омраза од други од друга страна.

Климатските промени и другите предизвици на околината подолжуваат да поставуваат закани (не само) на иднидната на Европа и имаат потреба од пооддржливи економии, општества и животни стилови. Образованието за возрасните има позитивен одговор на многу од овие прашања. Тоа може да им користи на индивидуалците но и на општествата и економиите. Дали сакаме иновативна, поеднаква, одржлива Европа во која граѓаните учествуваат демократски и активно, каде луѓето имаат вештини и знаење да живеат поздраво и попродуктивно и да учествуваат во културни и граѓански активности од многу млади до многу стари години?

Во оваа публикација, EAEA ќе презентира аргументи, студии, примери и приказни од ученици кои ќе ја илустрираат нашата позиција.

# Активно граѓанство, демократија и учество

ЕАЕА и нејзините членки се залагаат за силна посветеност кон Европа и европските вредности. Веруваме дека меѓукултурната размена и соработка се клучот за Европа од почит, учество и кохезија.

Многу организации во образованието за возрасните се основани како резултат на еманципаторски движења (работници, жени, или религиозни организации итн), и образованието за возрасните сѐуште обезбедува знаење и простор за развој на демократија и граѓанство. Дополнително, образованието за возрасните може да го зајакне и регенерира граѓанското општество.

Зголемената радикализација во Европа покажа дека демократското однесување, толеранцијата и почитувањето треба да бидат поттикнати. Меѓукултурниот и меѓурелигискиот дијалог можат да одиграат голема улога во ова.

Но, образованието за возрасните исто така може да донесе повеќе демократија и учество на национално и регионално ниво, и да овозможи транспарентност и развој на раздвижено граѓанско општество како и да придонесе кон критичко мислење и зајакнување.

Истражувањето PIAAC[1] покажа јасна корелација помеѓу „довербата“ и „политичката ефикасност“ со нивоата на вештини. Колку се пониски основните вештини на лицето, толку е помала довербата во институциите и помала е вербата во способноста да се направи влијание. Лицата кои учествуваат во образованието за возрасните, исто така волонтираат многу почесто.

1 www. oecd.org/site/piaac/surveyofadultskills.htm

## Добра практика

Проектот на Граѓаните Први во Романија направи оддржлива разлика на национално ниво во малите заедници, поконкретно, во руралните средини. Проектот спроведува активно граѓанство со кое им дава на луѓето глас да одлучат што е приоритет во нивните заедници, им им дава алатки за создаваат решенија кои самите ќе можат да ги спроведат. Заедно тие идентификуват комунални проблеми, гласаат за прашања кои што треба да се разгледаат првично, и соработуваат на развивање акциски планови. Проектот Граѓаните Први отиде понатаму од едноставно спроведување на акциските планови. Произведе промена на менталниот склоп од идентификување на јавните власти како донесувачи на одлуки во нивно поврзување како партнери во развојот. Прашањето е: „што треба да се направи и што ние самите можеме да направиме за нас и за нашата заедница?“

## Доказ од истражување

Во однос на социјалната кохезија, главниот придонес од образованието се поголема доверба, поголема граѓанска соработка и пониски нивоа на насилен криминал. Дополнително, индивидуалното ангажирање во образованието е предвесник на вклучувањето во јавниот живот зошто „колку повеќе ученици се вклучени во образованието, толку повеќе имаат волја, во просек, да играат позитивна улога во јавниот живот“ (стр.20). Образованието за возрасните, уште повеќе, води кон зголемување на расната толеранција и поголема веројатност за гласање. Престон (2004) го анализирал влијанието на образованието за возрасните врз граѓанскиот живот на учесниците и во формирањето на нивните вредности, особено толеранцијата. Тој увидел дека учењето може да има влијание врз информалното и формалното граѓанско учество. Во однос на информалното граѓанско учество, тоа им помага на индивидуалците да изградат, одржат, склопат, реконструираат и да ги збогатат нивните социјални мрежи.

Дополнително, формирањето на вредностите може да биде под влијание на учењето. На пример, испитаниците наведоа промени во толеранцијата, разбирањето и почитувањето. Граѓанското и општественото вклучување (ГОВ) како образовен излез е анализирано од страна на ОБСЕ (2007).

Прочитајте повеќе: www.eaea.org/media/policy-advocacy/piaac/piaac-analysis_wakeup-call-for-europe.pdf

## Добра практика

∂Шведската муслиманска студентска асоцијација Ибн Рушд покрена мировен проект: Att framja islamisk fredskultur (Промоција на исламската мировна култура) во кој младите муслимани од целата земја требаше да бидат Агенти на мирот. Тие се стекнале со знаење и алатки кои се потребни за работа на мировни прашања, анти-насилство и човекови права. Долгорочна цел е справувањето со исламофобијата- стравот и анимозитетот кон исламот, главно од страна на луѓето од западот, и западофобија- страв и анимозитет кон Западот, главно од муслиманите. Беше основана Фондација за муслиманското мировно движење (Шведски муслимани за мир и правда).

# Животни вештини за индивидуалци

Образованието за возрасни може да обезбеди одреден број вештини и искуства на учење кои имаат многу бенефити и цели: од основни вештини до учењето јазици, од курсеви за слободни активности до професионална обука, од учење за семејството до обезбедување на здравјето, образованието за возрасните може да обезбеди бројни начини кои ќе ги поддржат индивидуалците во целокупниот тек на нивните кариери и животи.

Но, не се само директните излези од учењето важни за луѓето: истражувањето покажува дека учеството во не-формалното образование за возрасните има бројни бенефити.

Образованието за возрасните може да ги трансформира животите и обезбедува нови можности. Тоа може да понуди нови можности за вработување, да го отвори патот кон формалното образование, да им помогне на оние кои го напуштиле училиштето да се вратат во образованието, да им помогне на родителите во нивните улоги, да ги активира уметничките и културните пасии на луѓето и да води кон поздрави животни стилови.

## Доказ од истражување

[3]Податоците покажуваат дека возрасните ученици имаат бројни придобивки од либералното образование на возрасните. Тие се чувствуваат поздраво и се чини дека водат поздрави животни стилови; градат нови социјални мрежи и се соочуваат со подобрена благосостојба. Уште повеќе, возрасните кои учествуваат во либералното образование за возрасните се чини дека се чувствуваат помотивирани да се вклучат во доживотното учење и на него гледаат како можност за подобрување на нивните животи. Овие придобивки беа наведени од страна на учениците во курсевите од сите области, од јазичните и уметничките до оние за граѓанско образование […]. Луѓето со ниско ниво на образование особено имаат корист од образованието за возрасните (ISCED 1: 32% и ISCED 1: 22%).

Прочитајте повеќе: www.bell-project.eu

## Добра практика

Мел од Велика Британија беше агорафобична веќе тринаесет години кога, во септември 2007, собра храброст и се приклучи во часови по литература. Покрај екстремните нерви, таа го започна курсот, и забележа дека станува сè полесно како што одминуваше секоја недела. Мел уживаше во курсот со Хул образованието за возрасни, и го помина влезното ниво со 3 и нивоата 1 и 2 во Литература. Таа исто така ја исполни својата наредна цел и го помина Математичка писменост прво ниво.

Мел сакаше да им помогне на другите па го заврши интерната обука за волонтери и започна да волонтира во одделението за возрасни со потешкотии во учењето и посебни потреби. Со желба да стане тутор, Мел го помина NVQ ниво 1 во Поддршка во учењето и напредуваше кон Подготовка за Настава во курсот во областа на Доживотното учење, кој се надева дека ќе го заврши наскоро. Сега кога има самодоверба, Мел ужива во деновите поминати со нејзиното семејство, изгуби околу 38 килограми телесна тежина и волонтира во ДОВЕ ХОУСЕ Добротворната продавница и исто така, продолжува да учи.

„Ништо неможе да ме спречи сега. Почнав од ништо и добив нов живот – се заради тоа што му се вратив на учењето“- се насмевнува Мел.

Прочитајте повеќе: www.alw.org.uk/winners-stories/winner-story/2011/melanie-turner

# Социјална кохезија, еднаквост и рамноправност

Образовните нивоа имаат огромно влијание врз можностите на луѓето во животот. Ова се движи од видот на вработувањето кое тие можат да го најдат до очекувањата од животот. Позитивните ефекти од образованието имаат тенденција да бидат репродуцирани со оглед на фактот дека оние со повисоки образовни нивоа имаат тенденција да продолжат да учат и да добијат повеќе можности да го продолжат учењето во однос на оние со пониски образовни нивоа.

Образованието за возрасните може да го компензира недостатокот на образование претходно во животот и овозможува општествена мобилност. Од обука за основни вештини до училишта за втора шанса и учење јазици за мигранти, образованието за возрасните обезбедува многу можности за подобрување на индивидуалните животи, но исто така и за воедначување на општествата на повисоко ниво и создавање по фер општества како и поголем економски раст. Со цел да се постигне поголемо социјално вклучување, неопходен е опфат на групите кои не учествуваат во учењето. Со соодветни методологии, луѓето ќе можат да учествуваат повеќе: во општеството, демокатијата, економијата, уметноста и културата.

## Добра практика

Во училиштето за возрасни Ла Вернеда- Сант Мари, вклучувањето на лица кои кои доаѓаат во училиштето за прв пат се смета за важна задача која мора да се направи индивидуално. Се посветува време на секое лице кое ќе дојде во училиштето. Учесниците од претходните години играат круцијална улога на приемот, регистрацијата и назначувањето на групите бидејќи тие имаат комуникациски вештини и разбирање за тоа како е да се дојде по прв пат. Одлуката, на кое ниво е упатен секој учесник се базира на дијалог и консензус. Се посветува внимание на фактот дека секое лице го разбира процесот во кој тој или таа се вклучува и се поставува во група и на ниво на кое тие ќе научат најмногу.  Вработените и волонтерите се многу внимателни да го избегнат чувството да се биде тестиран.

## Добра практика

Во Шведска, „Високите курсеви за мотивирање на народот“ кои ги поттикнуваат младите баратели на работа покажа многу добри резултати. По завршување на курсот, некои 40% од учесниците продолжија или со повеќе студии или работа, и над две третини се чувствуваат мотивирани да учат и веруваат дека образованието е насоката кон работата.

Специјалните народни средни училишта за имигранти кои го поддржуваат нивниот престој во шведското општество и круговите за учење на бегалците кои бараат азил се организираат низ цела Шведска.

Овие успешни специјални напори се возможни затоа што се базирани на постоечките компетенции и на организациите во рамките на националната структура на учењето за возрасните, и се финансирани од страна на државата на регуларно ниво. Одржлив модел на учење на возрасните кој исто така е флексибилен да ги задоволи новите потреби и предизвиците на општеството.

# Вработување и дигитализација

Позитивната врска помеѓу образованието и учењето е очигледна: работниците кои учат и вработените се важни за иновација, продуктивност, конкурентност и претприемништво. Учењето на работното место е еден од најважните двигатели на учеството на возрасните во доживотното учење, и соработката со сите важни заинтересрани страни, особено со социјалните партнери е особено важно. Додека ЕАЕА се согласува со важноста на унапредувањето и обновувањето на вештините, би сакале да нагласиме дека секое учење е добро за вработувањето.

ЕАЕА промовира пристап кон учењето кој ги поддржува главните и трансверзалните вештини. Доколку се примени чисто технички пристап, постои опасност да се учат ограничен сет вештини кои можат наскоро да застарат. Доколку го вклучиме учењето како да се учи, иновативноста и претприемништвото проследени со подлабински интерес во полето на учењето и излезите од учењето, можеме да создадеме ученици кои доживотно ќе учат и ќе бидат во можност да го комбинираат ин-, не- и формалното учење на возрасните со цел да останат во тек со времето.

Прогнозите јасно наведуваат дека на Европа ќе и бидат потребни повеќе заење и помалку нискоквалификувани работници во иднина. Најдобар пример за тоа е развојот на дигитализацијата. Се наоѓаме во време на огромни промени, од е-влади до он-лајн купување до автоматизација и сите промени кои ги носи интернетот. Ова значи дека мораме да го затвориме дигиталниот гап и да бидеме сигурни дека секој е во состојба да користи компјутер, таблет или паметен телефон, но исто така и други поврзани алатки. Исто така, можеме да претпоставиме дека многу работни места веќе исчезнале или ќе исчезнуваат во иднина и нови ќе бидат содздадени. На Европа ќе и бидат потребни работници кои ќе имаат знаење и ќе можат брзо да се прилагодат на овие промени, и учењето е клучот на овој капацитет. Многу владини сервиси и алатки за граѓанско учество сега се достапни он-лајн. Дигиталните вештини овозможуваат дигитално вклучување и учество.

Дополнително, услужните индустрии исто така ќе претрпат радикални промени, што исто така ќе значи намалување на човечкиот контакт. Истото важи и за е-учењето, кое нуди многу можности но исто така го намалува и социјалниот аспект кој исто така е важен за многу ученици. Образованието за возрасните може да ги обезбеди потребните простори за средби кои се дел од благосостојбата, менталното здравје, солидарноста и социјалната кохезија која на Европа ѝ е потребна.

## Доказ од истражување

Студијата БЕЛЛ кокажува дека учеството во либералното образование на возрасните генерира повеќекратна корист за индивидуалците. Овие корисности се очекува да имаат влијание на нивните непосредни социјални групи, како смејството, работното место и други социјални мрежи, и со тоа либералното образование за возрасните генерира корист за општеството исто така. Од вкупно 8646 интервјуирани лица, 70-87% искусиле позитивни промени во мотивацијата заучење, социјалната интеракција, генералната благосостојба и задоволството од животот. Помалку често биле искусени промени кои се однесуваат на работата и кариерата и активото граѓанство, но дури и тука 31-42% искусиле некои позитивни промени.

Прочитајте повеќе на: www.bell-project.eu/cms/wp-content/uploads/2014/06/BeLL-Survey-results.pdf, p. 122

# Миграција и демографски промени

Образованието за возрасните може да игра витална улога во моменталната ситуација со бегалците во Европа. Преку граѓанско образование и меѓу-културно учење, менталниот склоп на активно граѓанство и гостопримство може да помогне во создавањето поволна култура на интеграција помеѓу земјите членки. Со обезбедувањето јазични курсеви и обука за основни вештини за мигранти од Европа и надвор од неа, мигрантите ќе бидат во можност да станат активни граѓани во нивните нови земји домаќини.

Спроведувањето на кулурен дијалог може да ја поттикне размената помеѓу домашните и новите граѓани на земјите членки, овозможувајќи им на мигрантите да ја разберат културата и социјалните договори во нивните нови татковини, но и да им овозможи на домашните граѓани шанса да воведат нови навики и да ги развијат своите земји во демократии ориентирани кон иднината. На долг рок, на Европа ѝ требаат овие и уште повеќе мигранти со цел да се справи со демографските проемни кои веќе започнаа да се случуваат. На страната на демографските промени, активното стареење ќе биде гарантирано доколку се обезбеди учење во подоцнежниот живот. Истражувањето покажува дека старите лица кои учат се поактивни, волонтираат повеќе, работат подолго и се поздрави. Старите лица кои учат, според ова, се решение на демографската криза и го зголемуваат нивниот корисен ефект во европските демократии.

Понатаму, меѓугенерациското учење им овозможува и на постарите и поискусните лица и на младите да профитираат од меѓусебното знаење; и од друга страна, заедничките мерки ќе ја зајакнат меѓугенерациската солидарност во рамките на европските општества и со тоа ќе го поттикнат демократскиот дијалог кој е потребен во време на криза.

## Добра практика

Фатима пристигна во Ирска во ноември 2013 година заедно со нејзината мајка и двајцата браќа. Живееше во Даблин 3 месеци и потоа се пресели во Туламоре со своето семејство. Фатима е бегалец и потекнува од Авганистан. Патуваше преку Иран и потоа во Сирија каде што живееше три години. Таа кога пристигна во Ирска посетуваше јазични часови преку Одделот за правда. Таа почувствува дека часовите се премногу сегрегирани и сакаше да се интегрира со Ирците. Тогаш ѝ беше кажано за опцијата ВТОС и само што ја заврши првата година. Курсот ВТОС е две-годишен курс и, иако учениците вообичаено добиваат Јуниор Сертификат за една година и Сертификат за напуштање во втората година, Фатима почувствува дека оваа година може да посетува два предмети од Сертификатот за напуштање и со помош на Туламоре Центарот за континуирано образование посетуваше физика и хемија. Исто така, ги користеше можностите кои ги нуди Атхлоне ИТ за нејзината практична работа. Фатима е многу амбициозна и одлично го познава англискиот разик, и чувствува дека добива одлична поддршка од Лаоис и Офали ЕТБ и има високи надежи за иднината.

# Одржливост

Одржливоста во сите области станува се поголем предизвик за Европа- потрошувачка во функција на околината до транспорт и енергетска ефикасност- европските граѓани имаат потреба од многу информации од една страна и иновативни простори од друга страна со цел да развијат нови животни стилови, нови проекти, нови пристапи. Образованието за возрасните може да помогне во обезбедувањето информации, дебатни простори и креативност.

Образованието за возрасните е потикнувач на поврзувањето на трите димензии на оддрживиот развој (економскиот, општествениот и оној на животната средина) и може да придонесе кон Агендата УН 2030. Постои реална потреба за образование за оддржлив развој, и особено неформалното образование има многу високо влијание.

Образованието за возрасните може да даде огромен придонес кон Лисабонската Агенда за одржлив, паметен и инклузивен развој, како и врз Јункеровата Агенда. Образованието за возрасните може да го зголеми бројот на работните места и развојот и единствениот дигитален пазар. Преку поддршката на оддржливоста, образованието за возрасните може да го зајакне единствениот пазар, на пример, преку обезбедување вештини за слободно движење работници како и во ширењето на европските вредности и доверба

## Доказ од истражување

Образованието за возрасните има централна улога во оддржливиот развој. Пилот курсот […] се потпира на нордиската традиција за граѓанско здружување „folkeopplysning“.[…] Целните групи со кои работат учениците во нивната секојдневна работа се поделени помеѓу возрасни ученици, пошироко: локални граѓани и наставници во училиште. Тематски, проектите на кои ќе работат учениците во текот на курсот го покриваат следното:

- одржливи градби и матријали;
- одржлива храна;
- организирање партнерства помеѓу локалните власти, граѓанското општество и локалниот приватен сектор- како да се ревитализира пристапот Локална Агенда 21;
- систем за сертификација на животната средина и одржливо управување;
- етичка потрошувачка и глобално граѓанство.

## Добра практика

“Umweltberatung” од Австрија (еко-советување) разви Енергетски ефикасна возачка дозвола (ЕЕВД). ЕЕВД е алатка за штедење енергија во индивидуалните домаќинства, во мали и средни претпријатија и заедници со цел да се задоволат потребите за заштита на климата и заштеда на енергја. Штедењето енергија во секојдневниот живот придонесува кон намалување на трошоците за енергија, што е особено важно за луѓето и домаќинствата кои се под ризик од сиромаштија. Совесна употреба на енергија и развој на енергетски ефикасни животни стилови и однесувања исто така е придонес кон намалување на трошоците и помага во борбата против сиромаштијата. Совесната употреба на енергијата во контекст на работата придонесува кон зголемување на конкурентноста преку намалување на трошоците. Начинот на кој компаниите ги користат ресурсите може исто така да ги охрабри вработените да придонесат кон оддржливост и во нивните приватни животи.

Прочитајте повеќе на: www.umweltberatung.at/ueber-uns-international and energie-fuehrerschein.at

# Образованието за возрасните и европските политики

Образованието за возрасните придонесува кон:

• Европските стратегии за паметен, одржлив и инклузивен раст.
• Вредности кои се во центарот на европските стратегии како рамноправност, социјална кохезија, активно граѓанство и исто така креативност и иновација.
• Подигниување на стапката на вработеност во Европа преку враќање на луѓето на работа, преку валидирање на нивните вештини и компетенции и нивно унапредување.
• Напори за намалување на високиот број – 80 милиони – лица со ниски основни вештини кои имаат корист од доживотното учење помалку од пообразованите луѓе: образованието за возрасни ги обединува и засилува акциите со цел да се допре до нив.
• Целта на ЕУ за најмалку 20 милиони помалку лица кои се во или се на работ од сиромаштија и социјално исклучување како што образованието им овозможува да се стекнат со самодоверба и да најдат начини да бидат социјално вклучени и да најдат работа (или подобра работа).

Од работни места и раст до дигитален единствен пазар, од климатски промени до внатрешен пазар, од миграции до глобални прашања и демографски промени, образованието за возрасните придонесува до ЕУ 2020 Агендата и Јункеровата Агенда. Дополнително, образованието за возрасните е клучна алатка за постигнување на Агендата на УН 2030 и нејзините Цели за Оддржлив Развој.

Со цел да се напредува кон кохезивна, просперитетна, мирна Европа која е во состојба да се справи со предизвиците на иднината на позитивен начин, образованието за возрасните е есенцијално.

**Издавач:** Европска асоцијација за образование на возрасните – EAEA
**Текст:** Цина Ебнер (EAEA), со поддршка на членките на EAEA, Извршниот Одбор и Секретаријатот
**Нацрт:** Аура Вуоренринне (EAEA)

Кофинансирано од Програмата на Европската унија Еразмус+

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Финското Министерство за образование и култура.

Поддршката на Европската Комисија за изработка на оваа публикација не подразбира одобрување на содржината која ги одразува само ставовите на авторите, и Комисијата неможе да биде одговорна за било каква употреба на информациите кои се содржат внатре.

EUROPEAN ASSOCIATION FOR THE EDUCATION OF ADULTS

Mundo-J, Rue de l'Industrie 10, B-1000 Brussels
Tel. +32 2 893 25 22, eaea-office@eaea.org
www.eaea.org